МЦМС, на 9 октомври 2013 година, во Кривогаштани, го означи почетокот на работата на Линијата за поддршка на тутунопроизводителите и работниците која во оваа пилот фаза ќе функционира до крајот на јули 2014 година. Линијата за поддршка им е наменета на тутунопроизводителите и работниците кај нив од подрачјето на општината Кривогаштани.



Преку Линијата за поддршка, тутунопроизводителите и работниците кај нив ќе можат да покренат прашања, да побараат помош и поддршка и да добијат повратна информација од операторите при што ќе им биде обезбедена доверливост. Во тимот оператори се вклучени и правен експерт и социјален работник, со цел да се обезбеди оптимална поддршка. На заинтересираните ќе им биде на располагање бесплатниот телефонски број 0800-24680.

Азим Шаукенбаев , генерален директор за Македонија од Филип Морис интернационал менаџмент С.А. (Philip Morris International Management S.A.), со чија поддршка се реализира оваа иницијатива, на отворањето на Линијата за поддршка се осврна на Програмата за земјоделски работни практики и истакна дека еден од стандардите е работниците да имаат пристап до фер, транспарентна и анонимна линија за поддршка дизајнирана да обезбеди помош и поддршка за прашањата поврзани со работниот ангажман на работниците и совети за деловното работење. „Заедно со Сокотаб и Алијанс Уан Македонија, целосно ја поддржуваме Линијата за поддршка како пилот проект во Кривогаштани кој го спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка“, рече тој и додаде дека само сеопфатен пристап кој ги вклучува сите чинители: индустријата, владата, локалните власти, земјоделците и работниците кај нив може да резултира со подобрување на условите за живот на работниците и на земјоделците. „Ние веруваме дека оваа иницијатива е чекор во вистинска насока“.



[illegible]